Република Северна Македонија
**Општина Охрид**

ИП 1 бр. 36-843
Охрид,.13.09.2019год.
Дневник бр.26/19
Одделение за инспекциски надзор – Инспекторат

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Тел. (046) 262-492; 262-493
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Овластениот градежен инспектор врз основа на член 137 став 1 алинеа 1 од Законот за градење (Сл весник на РМ бр 130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12; 144/11; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16 и 132/16), по извршениот инспекциски надзор во Охрид на ул. „Марко Несороски„ на КП 10426/1 КО Охрид 2 во поглед на недостатоците утврдени со записникот за инспекциски надзор Ип 1 бр 36-843 од 30.08.2019година, донесе:

***Р Е Ш Е Н И Е***

1.Се наредува на инвеститорот: **Абдула Фетије** со адреса на живеење на ул. **„Марко Несороски"** бр.**144** во **Охрид ВО РОК ОД 3 ДЕНА** по приемот на ова Решение **ДА ЈА ОТСТРАНИ ГРАДБАТА: објект** кој е изграден на КП 10426/1 КО Охрид 2, и е изграден без Одобрение за градба , на ул. „Марко Несороски" бр.144 во Охрид и е градба од втора категорија.
2. Ако градбите не се отстранат во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на отстранување на градбата.
3. Трошоците за извршување на ова решение се надоместуваат од извршеникот.
4. Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на Решението.
5. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се постапи по прекршочната одредба член 63 од Законот за инспекциски надзор (Сл весник на РМ бр. 50/10; 161/10 и 157/11).

***Образложение***

Овластениот градежен инспектор при Општина Охрид изврши инспекциски надзор и изврши увид на лице место на ден 30.08.2019година и констатира со записник за инспекциски надзор Ип 1бр36-843 од 30.08.2019година дека инвеститорот Абдула Фетије гради градба од втора категорија:
-Објект фаза карабина: прва плоча подкрената од терен 40 см , 12 армирано бетонски столбови (35см на 25см и висина од 275см) и ѕидарија со блок тула од четирите страни на објектот и централен ѕид кој го дели објектот на два дела до висина 275см. На надворешните ѕидови има отвори за прозори и врати .Припрема за изведување на втора плоча за Ниво 1. Пристапот до објектот се обавува од северната страна од улицата „Марко Несороски„ димензиите во основа на објектот се 10,45 метри на 12.50 метри вкупно бруто површина од 130,6 м2.
Предметниот објект се гради на КП 10426/1 КО Охрид 2 и се гради без Одобрение за градење , на ул. „Марко Несороски" бр.144 во Охрид.

Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување, согласно со членот 137 став 4 од Законот за градење (Сл весник на РМ бр 130/09; 124/10; 18/11; 59/11; 13/12; 144/11; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 30/16; 31/16; 39/16; 71/16 и 132/16)

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.
**ПРАВНА ПОУКА:**
Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.
Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса и се поднесува во два примероци.
Решено во општински инспекторат-Општина Охрид под број Ип 1 бр 36-843 на ден 13.09.2019 година.

**МП**

**Советник овластен градежен инспектор:**
**дипл.инж.арх. ПЕТАР ПАСКАЛИЕВ**

Република Северна Македонија Општинска администрација ОХРИД